ЧЛЕН 9

НАГРАДА ЗА УЧЕНИЦИ КОИ ПОСТИГНАЛЕ ЗНАЧАЈНИ РЕЗУЛТАТИ НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се доделува на ученици во основните училишта кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од Министерство за образование и наука или Биро за развој на образованието како и од реномирани меѓународни натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот 1 на овој член е во износ од:

Прво место	7.000 денари
Второ место	4.000 денари
Трето место	3.000 денари

Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајни резултати на државни и меѓународни натпревари во текот на учебната година.

Со поднесувањето на барањето подносителот доставува доказ фотокопија од диплома за освоената награда од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Барањето за остварување на правото на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се поднесува најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран натпреварот.

Решение за доделување на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари донесува Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

донесува решение за доделување на наградата.

Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари

Член 9

Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се доделува на ученици во основните училишта кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од Министерство за образование и наука или Биро за развој на образованието како и од реномирани меѓународни натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот 1 на овој член е во износ од:

-7000 денари за освоено прво место

-4000 денари за освоено второ место

-3000 денари за освоено трето место

Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајани резултати на државни и меѓународни натпревари во текот на учебната година.

Со поднесувањето на барањето подносителот доставува доказ фотокопија од диплома за освоената награда од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Барањето за остварување на правото на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари се поднесува најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран натпреварот.

Решение за доделување на награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари донесува Градоначалникот на Општина Кривогаштани.